This document is an integral part of the General Terms and Conditions of the Contract, under which Evrotrust Technologies AD, with registered address 251G "Okolovrasten Pat" Str., MM Business Center, fl. 5, 1766 Sofia, Bulgaria, provides services to its corporate clients ("General Terms and Conditions") and contains the terms of the agreement on personal data processing and protection between Evrotrust and the Partner identified in the relevant Special Terms.	Овој документ е составен дел на Општите одредби и Услови на Договорот, според кои Evrotrust Technologies AD, со регистрирана адреса на ул. „Околоврастен Пат" бр. 251Г, Деловен центар ММ, кат 5, 1766 Софија, Бугарија, обезбедува услуги на своите корпоративни клиенти („Општи Одредби и Услови") и ги содржи условите од Договорот за обработка и заштита на личните податоци помеѓу Evrotrust и Партнерот идентификувани со соодветните Посебни одредби.
1. Definitions In the application and interpretation of this Clause, the following terms shall have the following meanings:	**1. Дефиниции** Во примената и толкувањето на оваа Клаузула, следните поими го имаат следниве значења:
1.1. "Regulation" means Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the protection of individuals with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC. All references to the Regulation should also be read as references to all applicable provisions of the legislation of the Republic of Bulgaria or of another Member State which transpose or are adopted on the basis of the Regulation into Bulgarian national law or the national law of another Member State, respectively.	1.1. „Регулатива" значи Регулатива (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот од 27 Април 2016 година за заштита на поединци во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на тие податоци, како и за укинување на Директивата 95/46/ЕЗ. Сите упатувања на Регулативата треба да се читаат и како упатувања на сите важечки одредби од законодавството на Република Бугарија или на друга земја-членка со којашто се заменува, или пак се усвојуваат врз основа на Регулативата во бугарското национално право или националното право на друга земја-членка, соодветно.
1.2. "Applicable Rules/Applicable Data Protection Rules" for the purposes of this Clause means the Regulation and all other applicable laws in force (regulations, statutes, ordinances, etc.), codes of conduct, etc., governing the protection and processing of Personal Data and all rules and policies of the Parties applicable to the processing of Personal Data.	1.2. „Применливи правила / применливи правила за заштита на податоци" за целите на оваа Клаузула значи Регулативата и сите други важечки закони (прописи, статути, уредби, итн.), кодекси на однесување итн., коишто ја регулираат заштитата и обработката на Личните податоци и сите правила и политики на Страните коишто се однесуваат на

	обработката на личните податоци.
1.3. “SCC” means the Standard Contractual Clauses adopted by the European Commission with Implementing Decision 2021/914 of 4 June 2021 on standard contractual clauses for the transfer of Personal Data to third countries pursuant to the Regulation and available at the following link or another link as may be publicly provided by the European Commission: https://ec.europa.eu/info/law/law-topic/data-protection/international-dimension-data-protection/standard-contractual-clauses-scc/standard-contractual-clauses-international-transfers_en.	1.3. „SCC“ значи Стандардни Договорни Клаузули усвоени од Европската комисија со Одлуката за спроведување 2021/914 од 4 јуни 2021 година за стандардни договорни клаузули за пренос на лични податоци во трети земји во согласност со Регулативата, коишто се достапни на следниот линк или на друг линк јавно обезбеден од Европската комисија: https://ec.europa.eu/info/law/law-topic/data-protection/international-dimension-data-protection/standard-contractual-clauses-scc/standard-contractual-clauses-international-transfers_en.
1.4. All terms and definitions used in this Clause which are not defined in this Clause shall have the meaning given to them in the General Terms or any applicable Clauses between the Parties hereto and, if none, shall have the meaning given to them in the Regulation or, if not defined in the Regulation, the meaning given to them in the relevant other Applicable Rules. This includes the terms “Personal Data”, “Processing”, “Data Controller”, “Data Processor”, “Data Subject”, etc.	1.4. Сите поими и дефиниции употребени во ова Клаузула коишто не се дефинирани во ова Клаузула го имаат значењето што им е дадено во Општите одредби или сите клаузули применливи тука помеѓу Страните и доколку такви нема, го имаат значењето што им е дадено во Регулативата или ако не е дефинирано со Регулативата, значењето што им е дадено во други релевантни Применливи правила. Ова ги вклучува поимите „Лични податоци“, „Обработка“, „Контролор на податоци", „Обработувач на податоци“, „Предмет на податоци“, итн.
2. Subject Matter and Term	**2. Предмет и рок на траење**
2.1. The purpose of this Clause is to regulate the rights and obligations of the Parties in relation to the exchange of personal data between them for the purposes of the performance of the Agreement where the Parties are acting as data controllers, and, where applicable, the personal data processing activities to be carried out by the Partner as data Processor on behalf of Evrotrust for the purposes of the performance of its activities as a Registration Authority.	2.1. Целта на оваа Клаузула е да ги регулира правата и обврските на Страните во врска со размената на лични податоци помеѓу нив за целите на извршувањето на Договорот каде што страните дејствуваат како контролори на податоците и, каде што е применливо, активностите за обработка на личните податоците да ги спроведе Партнерот како Обработувач на податоци во име на Evrotrust за цели на извршување на неговите активности како Тело за регистрација.
2.2. This Clause is an inseparable part of the General Terms and Conditions and applies in addition to	2.2. Оваа Клаузула е неразделен дел од Општите Одредби и Услови и се применува како

any other data protection rules in force between the Parties as per the Agreement.	дополнување на сите други правила за заштита на податоците коишто се во сила меѓу Страните според Договорот.
2.3. This Clause is in force between the Parties for the term of the Agreement.	2.3. Оваа Клаузула е во сила помеѓу Страните за времетраењето на Договорот.
SECTION I **CONTROLLER TO CONTROLLER RELATIONSHIP** *This Section applies to all Partners, unless otherwise specified.*	**ДЕЛ I** **ОДНОС НА КОНТРОЛОР СО КОНТРОЛОР** *Овој дел се однесува на сите партнери, освен ако не е наведено поинаку.*
3. Personal Data of Employees	**3. Лични податоци на вработените**
3.1. <u>Processing of personal data relating to employees and other persons of the Evrotrust organization</u>	**3.1.** <u>Обработка на лични податоци коишто се однесуваат на вработените и други лица од организацијата на Evrotrust</u>
3.1.1. The Parties agree that in connection with the conclusion and performance of the Agreement the Partner will process personal data relating to Data Subjects who are authorized to represent, work for or cooperate with Evrotrust – contact persons, employees, managers, attorneys, representatives, etc. of Evrotrust. Such personal data may include names, form of representation, position/function within the Evrotrust organization, signature, duration of the representative authority, contact details (e-mail address, business telephone/fax number, etc.); information contained in documents generated in the course of the performance of the Agreement and/or provided by Evrotrust in connection with the performance of the Agreement; information contained in correspondence between the Parties relating to the conclusion or performance of the Agreement and any other information provided to Partner.	3.1.1. Страните се согласуваат дека во врска со склучувањето и извршувањето на Договорот, Партнерот ќе обработува лични податоци коишто се однесуваат на Податоци на Субјекти што се овластени да го застапуваат, да работат за или да соработуваат со Evrotrust – лица за контакт, вработени, менаџери, адвокати, претставници, итн. на Evrotrust. Таквите лични податоци може да вклучуваат имиња, начин на застапување, позиција/функција во организацијата на Evrotrust, потпис, времетраење на органот за претставување, контакт детали (е-пошта, деловен телефон/факс, итн.); информации содржани во документите генерирани во текот на извршувањето на Договорот и/или обезбедени од страна на Evrotrust во врска со извршувањето на Договорот; информации содржани во кореспонденцијата помеѓу Страните во врска со склучувањето или извршувањето на Договорот и сите други информации доставени до Партнерот.
3.1.2. The Partner will process the personal data	3.1.2. Партнерот ги обработува податоците

referred to in item 3.1.1:	наведени во ставка 3.1.1:
(a) for the following own purposes:	(a) за следниве сопствени цели:
➢ Purposes of the processing of personal data by the Partner related to compliance with legal obligations: financial and accounting activities; fulfillment of statutory obligations related to financial, tax and accounting activities; fulfillment of legal obligations to keep documents and to provide information and reporting to the competent authorities; obligations related to the implementation of anti-money laundering measures; other regulatory requirements applicable under applicable law to the Partner’s activities; compliance with the obligations of the Partner related to the implementation of anti-money laundering measures.	➢ Цели на обработката на лични податоци од страна на Партнерот поврзани со усогласување со законските обврски: финансиски и сметководствени активности; исполнување на статутарни обврски поврзани со финансиски, даночни и сметководствени активности; исполнување на законски обврски за чување документи и за давање информации и известување до надлежните органи; обврски поврзани со спроведувањето на мерки за спречување на перење пари; други регулаторни барања применливи според важечкото законодавство за активностите на Партнерот; почитување на обврските на Партнерот поврзани со спроведувањето на мерките за спречување на перење пари.
➢ Purposes of the processing of personal data necessary for the purposes of the legitimate interests of the Partner, the Partner’s employees or third parties: activities to ensure the exchange of data and document checksums (hash) between the Partner’s Systems and Evrotrust’s Systems and to maintain and administer the ensured integration between the Systems, manage and control authentication, authorization and access to various information resources in the Systems, identify and ensure the identity of employees, audit and monitor access to the Systems.	➢ Цели на обработката на лични податоци неопходни за целите на легитимните интереси на Партнерот, вработените на Партнерот или на трети страни: активности за обезбедување на размена на податоци и проверка на документи со *hash* помеѓу системите на Партнерот и на Evrotrust и да ја одржува и администрира осигурената интеграција помеѓу системите, управување и контрола на автентикацијата, овластување и пристап до различните информатички ресурси во Системите, идентификување и обезбедување на идентитетот на вработените, ревизија и следење на пристапот до Системите.
(b) for the following terms:	(b) за следниве рокови:
➢ For the entire term of the Agreement and for up to 5 years from termination;	➢ За целото времетраење на Договорот и до 5 години од неговото раскинување;
➢ In case the personal data are contained in	➢ Доколку личните податоци се содржани

documents necessary for the purposes of tax and social security control – for a period of up to 10 years, starting from the beginning of the year following the year in which the payment of the public obligation for taxes or compulsory social security contributions related to the records kept for the respective financial year is due, or another period set by the applicable legislation;	во документи потребни за целите на даночна и социјална контрола - за период до 10 години, почнувајќи од почетокот на годината којашто следи по годината во која доспева плаќање на јавна обврска за даноци или придонеси за задолжително социјално осигурување поврзани со евиденцијата за соодветната финансиска година, или друг период утврден со важечката законска регулатива;
➢ In the event of legal/judicial disputes arising in connection with the conclusion or performance of the Agreement or any activity in connection with its performance, or other administrative or judicial proceedings relating to the performance or activities under the Agreement, the personal data referred to in item 3.1.1 may be processed by the Partner for longer periods than those specified above if necessary for the establishment, exercise or defense of legal claims (e.g. in the event of a legal dispute or other proceedings for the period during which the case is pending, and for up to 5 years after the date of final conclusion of the respective proceedings), or if the applicable legislation provides for data retention for a longer period.	➢ Во случај на правни/судски спорови коишто произлегуваат од поврзаност со склучување или извршување на Договорот или која било активност во врска со неговото извршување, или други административни или судски постапки коишто се однесуваат на извршувањето или на активностите според Договорот, личните податоци наведени во точка 3.1.1 Партнерот може да ги обработува на подолг период од оние наведени погоре, доколку е потребно за воспоставување, остварување или одбрана од правни побарувања (на пр. во случај на правен спор или други постапки за периодот во кој случајот е во тек и до 5 години по датумот на конечното завршување на соодветната постапка), или ако важечкото законодавство предвидува чување на податоци на подолг период.
3.1.3. Data Subjects under item 3.1.1. may exercise their rights against the Partner by using the Partner’s contact details for personal data matters set out in the Special Terms.	3.1.3. Субјекти на Податоците од точка 3.1.1. можат да ги остварат своите права против Партнерот со користење на деталите за контакт на Партнерот за прашања поврзани со лични податоци утврдени во Посебните одредби.
3.2. <u>Processing of personal data relating to employees and other persons in the Partner’s organization</u>	**3.2.** <u>Обработка на лични податоци коишто се однесуваат на вработените и други лица од организацијата на Партнерот</u>
3.2.1. The Parties agree that for the purposes of	3.2.1. Страните се согласуваат дека за целите

the performance of the Agreement and Evrotrust will process personal data relating to Data Subjects who are authorized to represent, work for or cooperate with the Partner – contact persons, employees, managers, attorneys, representatives, etc. of the Partner. Such personal data may include names, form of representation, position/function within the Partner's organization, signature, duration of the representative authority, contact details (e-mail address, business telephone/fax number, etc.); information contained in documents generated in the course of the performance of the Agreement and or provided by the Partner in connection with the performance of the Agreement; information contained in correspondence between the Parties relating to the conclusion or performance of the Agreement and any other information provided to Evrotrust.	на извршувањето на Договорот, Evrotrust ќе обработува лични податоци поврзани со Субјекти на Податоците коишто се овластени да го претставуваат, работат за или соработуваат со Evrotrust - лица за контакт, вработени, менаџери, адвокати, претставници, итн. на Evrotrust. Таквите лични податоци може да вклучуваат имиња, начин на застапување, позиција/функција во организацијата на Партнерот, потпис, времетраење на органот за претставување, детали за контакт (е-пошта, деловен телефон/факс, итн.); информации содржани во документите генерирани во текот на извршувањето на Договорот и/или обезбедени од Партнерот во врска со извршување на Договорот; информации содржани во кореспонденцијата помеѓу Страните во врска со склучувањето или извршувањето на Договорот и сите други информации доставени до Evrotrust.
3.2.2. Evrotrust will process Personal Data under item 3.2.1:	3.2.2. Evrotrust ќе обработува личните податоци од ставка 3.2.1:
(a) for the following own purposes:	(a) за следниве сопствени цели:
➢ Purposes for the processing of personal data by Evrotrust related to compliance with legal obligations: financial and accounting activities; compliance with statutory obligations related to financial, tax and accounting activities; compliance with legal obligations to keep documents and to provide information and reporting to the competent authorities; compliance with other regulatory requirements applicable to the activities of Evrotrust under applicable law;	➢ Цели на обработката на лични податоци од страна на Evrotrust поврзани со усогласување со законските обврски: финансиски и сметководствени активности; усогласеност со статутарни обврски поврзани со финансиски, даночни и сметководствени активности; усогласеност со законски обврски за чување документи и давање информации и известување до надлежните органи; усогласеност со други регулаторни барања применливи за активностите на Evrotrust според важечките закони.
➢ Purposes for the processing of personal data necessary for the purposes of the legitimate interests of Evrotrust, its	➢ Цели на обработката на лични податоци неопходни за целите на легитимните интереси на Evrotrust, неговите

employees or third parties: activities to ensure the exchange of data and documents between the Partner’s Systems and Evrotrust’s Systems and to maintain and administer the ensured integration between the Systems, manage and control authentication, authorization and access to various information resources in the Systems, identify and ensure the identity of employees, audit and monitor access to the Systems, ensure the ability for access to the necessary information in accordance with the authorization of the employees, exercise and protection of the legal rights and interests of Evrotrust.	вработени или на трети страни: активности за обезбедување на размена на податоци и документи помеѓу системите на Партнерот и на Evrotrust, за одржување и администрирање на обезбедената интеграција помеѓу Системите, управувана и контролирана автентикација, овластување и пристап до различните информатички ресурси во Системите, идентификување и осигурен идентитет на вработените, ревизија и следење на пристапот до Системите, обезбедување можност за пристап до потребните информации согласно со овластувањето на вработените, остварување и заштита на законските права и интереси на Evrotrust.
(b) for the following terms: ➢ For the entire term of the Agreement and for up to 5 years from termination; ➢ Applicable to Partners acting as a Registration Authority: In the event that the personal data relate to actions performed by the persons referred to in item 3.2.1 in their capacity as Agents or are contained in documents created in connection with the implementation of the Partner's activities as a Registration Authority of Evrotrust – for a period of up to 10 years from the termination of the Agreement, including in cases where access to the profiles and/or their contractual relationship with the Partner is terminated prior to the termination of the Agreement, after which time Evrotrust is obliged to delete the personal data of the Partner’s Agents. The personal data of the Partner's Agents may also be processed by Evrotrust for a longer period than the specified 10-year period if it is necessary for the establishment, exercise or defense of legal claims (e.g. in the event of a legal	(b) за следниве рокови: ➢ За целото времетраење на Договорот и до 5 години од неговото раскинување; ➢ Применливо за Партнерите коишто делуваат како Орган за регистрација: во случај личните податоци да се однесуваат на дејствија извршени од лицата наведени во точка 3.2.1 во својство на Агенти или се содржани во документи создадени во врска со имплементацијата на активностите на Партнерот како Орган за регистрација на Evrotrust – за период до 10 години од раскинување на Договорот, вклучително и во случаи кога пристапот до профилите и/или нивниот договорен однос со Партнерот е прекинат пред раскинувањето на Договорот, по кое време Evrotrust е обврзан да ги избрише личните податоци на агентите на Партнерот. Личните податоци на агентите на Партнерот, исто така, може да бидат обработувани од страна на Evrotrust на период подолг од наведениот

dispute or other proceedings up to 5 years from the date of the final conclusion of the relevant case before all instances) or if the legislation in force provides for the processing of the data for a longer period.	период од 10 години ако тоа е потребно за воспоставување, остварување или одбрана на правни барања (на пр. во случај на правен спор или друга постапка до 5 години од датум на конечното завршување на соодветниот предмет пред сите инстанци) или доколку важечката законска регулатива предвидува обработка на податоците на подолг период.
➢ In case the personal data are contained in documents necessary for the purposes of tax and social security control – for a period of up to 10 years, starting from the beginning of the year following the year in which the payment of the public obligation for taxes or compulsory social security contributions related to the records kept for the respective financial year is due;	➢ Доколку личните податоци се содржани во документи потребни за целите на даночна и социјална контрола - за период до 10 години, почнувајќи од почетокот на годината којашто следи по годината во која доспева плаќање на јавна обврска за даноци или придонеси за задолжително социјално осигурување поврзани со евиденцијата за соодветната финансиска година, или друг период утврден со важечката законска регулатива;
➢ In the event of legal/judicial disputes arising in connection with the conclusion or performance of the Agreement or any activity in connection with its performance, or other administrative or judicial proceedings relating to the performance or activities under the Agreement, the personal data referred to in item 3.2.1 may be processed by Evrotrust for longer periods than those specified above if necessary for the establishment, exercise or defense of legal claims (e.g. in the event of a legal dispute or other proceedings for the period during which the case is pending, and for up to 5 years from the date of the final conclusion of the relevant case before all instances) or if the applicable legislation provides for the processing of the data for a longer period.	➢ Во случај на правни/судски спорови кои настанале од поврзаност со склучување или извршување на Договорот или која било активност во врска со неговото извршување или други административни или судски постапки кои се однесуваат на извршувањето или активностите според Договорот, личните податоци наведени во точка 3.2.1 Evrotrust може да ги обработува на подолг период од оние наведени погоре доколку е потребно за воспоставување, остварување или одбрана од правни побарувања (на пр. во случај на правен спор или други постапки за периодот во кој случајот е во тек и до 5 години по датумот на конечното завршување на соодветниот случај пред сите инстанци), или ако важечкото законодавство предвидува обработка на податоците на подолг период.

3.2.3. The data subjects referred to in item 3.2.1 may exercise their rights against Evrotrust by using the contact details of the data protection officer of Evrotrust set out in the Special Conditions.	3.2.3. Субјектите на податоците наведени во точка 3.2.1 може да ги остварат своите права против Evrotrust користејќи го контактот со службеникот за заштита на податоци на Evrotrust наведен во Специјалните одредби.
4. Personal Data Relating to Customers	**4. Лични податоци коишто се однесуваат на клиенти**
4.1. Data Subjects who are customers to both Parties For the purposes of the performance of the Agreement and the implementation thereof, each Party may also process personal data concerning Data Subjects who are customers of its services and who request the conclusion of a contract with the other Party and/or use and/or request services provided by the other Party, including where Data Subjects require a Party to provide their Personal Data to the other Party on their behalf as a part and in course of using a service. Each Party is a data Controller in respect of the processing of personal data it carries out for the purposes of providing its own services to its customers and carrying out its other activities and will process such data in accordance with the Applicable Rules and its rules and policies.	**4.1.** Податоци на субјекти коишто се клиенти на двете Страни За целите на извршувањето на Договорот и неговата имплементација, секоја страна може исто така да обработува лични податоци на Субјекти коишто се корисници на услугите и кои бараат склучување на договор со другата Страна и/или употреба и/или барање за услуги обезбедени од другата Страна, вклучително и онаму каде што Субјектите бараат од Страната да ги обезбеди нивните Лични податоци на другата Страна во нивно име како дел и во текот на користењето на услугата. Секоја Страна е Контролор на податоци во однос на обработката на лични податоци којашто ја врши заради обезбедување на сопствените услуги на своите клиенти и за извршување на своите други активности и ќе ги обработува тие податоци во согласност со важечките правила како и според сопствените правила и политики.
4.2. Registration Authority using an Electronic Channel *This Article applies only to Partners who act as a Registration Authority for Evrotrust and only as regards their Registration Authority activities carried out via Electronic Channels, if any.*	**4.2.** Орган за регистрација преку Електронски Канал *Овој член се однесува само на Партнерите кои дејствуваат како Орган за регистрација за Evrotrust и тоа само во однос на нивните активности како Орган за регистрација коишто се вршат преку Електронски Канали, ако постојат.*
4.2.1. In the course of Registration Authority activities using Electronic Channels Partner shall provide to Evrotrust the following	4.2.1. Во текот на активностите на Органот за регистрација со користење на електронски канали, Партнерот ќе му ги достави на

categories of data of Data Subjects who have previously been identified by Partner as per the requirements of Clause “Registration Authority” and as of the moment of providing the data are Partner’s customers: full names as provided in personal ID document, country issuing the ID document, personal unique identifier, number of ID document, mobile phone number, e-mail address.	Evrotrust следните категории на податоци за Субјекти коишто претходно биле идентификувани од страна на Партнерот според барањата од Клаузулата „Орган за регистрација“ и од моментот на обезбедување на податоците се клиенти на Партнерот: целосни имиња како што е наведено во документ за лична идентификација, земја која што го издава документот за лична идентификација, ЕМБГ, број на документ за лична идентификација, број на мобилен телефон, е-пошта.
4.2.2. Evrotrust shall process the data provided under item 4.2.1 for the purpose of identifying the Data Subject and concluding a contract for provision of Trust Services between Evrotrust and the Data Subject. The data will be processed by Evrotrust only for this purpose until the conclusion of the contract with the Data Subject. Further processing of the same data may be performed by Evrotrust on the basis of the contract concluded with the Data Subject, for the purposes and terms defined in the Privacy policy applicable to the trust, information, cryptographic and other services provided by Evrotrust Technologies AD, its current version published on Evrotrust’s WEB site.	4.2.2. Evrotrust ќе ги обработи податоците наведени во точка 4.2.1 со цел да го идентификува Субјектот на податоците и склучување договор за обезбедување на доверливи услуги помеѓу Evrotrust и Субјектот од податоците. Evrotrust ги обработува податоците само за оваа намена, се до склучување на договорот со Субјектот на податоците. Понатамошна обработка на истите податоци Evrotrust може да изврши врз основа на договорот склучен со Субјектот на податоците, заради цели и одредби дефинирани во Политиката за приватност применлива на доверливите, информатичките, криптографските и другите услуги обезбедени од Evrotrust Technologies AD, нејзината тековна верзија е објавена на WEB страницата на Evrotrust.
4.2.3. Partner is solely responsible, and with each provision of data under item 4.2.1 declares that: (a) Partner has a valid legal ground under the Regulation and Applicable Data Protection Rules to process the data under item 4.2.1, including to provide them to Evrotrust as specified in this Clause;	4.2.3. Партнерот е единствено одговорен и при секое давање на податоци од точка 4.2.1 изјавува дека: (a) Партнерот има валидна правна основа според Регулативата и важечките Правила за заштита на податоци да ги обработува податоците од точка 4.2.1, вклучително и да ги достави до Evrotrust како што е наведено во оваа Клаузула;

(b) Partner has duly informed Data Subject of the processing the data as specified in this Clause, including of their provision to Evrotrust for the purpose under item 4.2.2; and	(b) Партнерот уредно го известил Субјектот на податоци за обработката на податоците како што е наведено во оваа Клаузула, вклучително и за нивното доставување до Evrotrust за целите на точка 4.2.2; и
(c) the data provided are complete, correct and up to date.	(c) обезбедените податоци се целосни, точни и ажурирани.
4.3. Additional Agreements The Parties undertake, in cases where the performance of the Agreement requires additional data exchange concerning Data Subjects who are their customers, to sign additional agreements concerning the respective integrations and data exchanges on the specific technical and organizational measures they will apply to protect the data exchanged, as well as on the specific categories of personal data that will be subject to the exchange, if these are not already regulated by this Clause.	**4.3.** Дополнителни договори Страните се обврзуваат, во случаите кога извршувањето на Договорот бара дополнителна размена на податоци за Субјектите на податоците коишто се нивни клиенти, да потпишат дополнителни договори во врска со соодветните интеграции и размена на податоци за специфичните технички и организациски мерки коишто ќе ги применат за заштита на разменетите податоци, како и за специфичните категории на лични податоци коишто ќе бидат предмет на размена, доколку тие веќе не се регулирани со оваа Клаузула.
5. Obligations of the Parties When Processing Personal Data as Data Controllers	**5. Обврски на Страните при обработка на лични податоци како Контролори на податоци**
5.1. In connection with the processing of Personal Data referred to in this Section I, each Party warrants to the other Party:	**5.1.** Во врска со обработката на личните податоци наведени во овој Дел I, секоја Страна и гарантира на другата Страна:
(a) that it implements appropriate technical and organizational measures in accordance with the requirements of the Regulation and the Applicable Data Protection Rules and undertakes to ensure the protection of the rights of Data Subjects;	(a) дека спроведува соодветни технички и организациски мерки во согласност со барањата на Регулативата и важечките Правила за заштита на податоците и дека се обврзува да обезбеди заштита на правата на Субјектите на податоците;
(b) that staff who will have access to the personal data have undergone introductory and regular training on the processing and protection of personal data, tailored to the specific processing activities and the specific risks associated with the processing of personal data, and that any person who	(b) дека вработените кои ќе имаат пристап до личните податоци поминале низ воведна и редовна обука за обработка и заштита на податоци, прилагодена на специфичните активности за обработка и специфичните ризици поврзани со обработката на личните податоци, и дека секое лице кое

will have access to personal data has undertaken a confidentiality obligation or is legally bound to respect confidentiality.	ќе има пристап до личните податоци презема обврска за доверливост или е законски обврзано да ја почитува доверливост.
5.2. In connection with the processing of personal data referred to in this Section I, each of the Parties undertakes:	**5.2.** Во врска со обработката на личните податоци наведени во овој Дел I, секоја од Страните се обврзува:
(a) to comply with any special law concerning the treatment of the information it processes in the course of its business;	(a) да се усогласи со секој посебен закон во врска со третманот на информациите што ги обработува во текот на својот бизнис;
(b) to make appropriate arrangements with Data Subjects to ensure the lawful exchange of personal data necessary for its performance, including but not limited to providing them with full, clear and comprehensible information about the exchange of data;	(b) да направи соодветни аранжмани со Субјектите на податоците за да се осигури законска размена на лични податоци неопходни за нивното извршување, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на обезбедување на целосни, јасни и разбирливи информации за размената на податоците;
(c) comply with its obligation to notify the supervisory authority of a personal data breach;	(c) да се придржува кон својата обврска да го извести органот за супервизија за повреда на личните податоци;
(d) comply with its obligation to notify the data subject of a personal data breach;	(d) да се придржува кон својата обврската да го извести субјект на податоците за повреда на личните податоци;
(e) immediately notify the other Party accordingly in the event:	(e) веднаш да ја извести другата Страна, соодветно, во случај на:
➢ of any investigative activities undertaken by a data protection supervisory authority in respect of processing activity of personal data received from the other Party for the purpose of implementing the Agreement;	➢ какви било истражни активности преземени од надзорен орган за заштита на податоци во однос на активноста за обработка на лични податоци добиени од другата Страна заради спроведување на Договорот;
➢ where it determines that there is a legal obligation to, or there is a request by a governmental, administrative, judicial and/or other authority to provide personal data that has been obtained from the other Party, except where such notification is contrary to mandatory provisions of law;	➢ утврдување дека постои законска обврска или има барање од владина, административна, судска и/или друга власт да обезбеди лични податоци коишто се добиени од другата Страна, освен каде таквото известување е спротивно на задолжителните одредби од законот;
➢ where it determines that the legal basis on which it processes the Personal Data	➢ утврдување дека правната основа врз која ги обработува Личните податоци добиени

received from the other Party in accordance with this Clause has ceased to exist.	од другата Страна во согласност со оваа клаузула престанала да постои.
(f) to assist and cooperate with the other Party in any way possible, including but not limited to providing requested information, in the performance of its obligations under the Regulation and any other Applicable Rules:	(f) да помогне и да соработува со другата Страна на кој било можен начин, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на давање на бараните информации, во извршување на обврските согласно Регулативата и сите други применливи правила:
➢ to respond to requests to exercise the rights of data subjects under Chapter III of the Regulation; ➢ to notify the supervisory authority of a personal data breach; ➢ for prior consultation with the supervisory authority; ➢ to notify the data subject of a personal data breach.	➢ да одговори на барања за остварување на правата на Субјектите на податоците од Поглавје III од Регулативата; ➢ да го извести на надзорниот орган за повреда на личните податоци; ➢ за претходна консултација со надзорниот орган; ➢ да го извести Субјектот на податоците за повреда на личните податоци.
(g) to assist and cooperate with the other Party in any way possible, including but not limited to providing it with requested information when the supervisory authority conducts investigations in the form of data protection audits.	(g) да помогне и да соработува со другата Страна на кој било можен начин, вклучително, но не ограничувајќи се на давање на бараните информации кога надзорниот орган спроведува истраги во форма на ревизии за заштита на податоци.
SECTION II **CONTROLLER TO PROCESSOR RELATIONSHIP** *This Section applies only to Partners having the role of a Processor of personal data for Evrotrust in the course of their activities as a Registration Authority for Evrotrust, with the exception of Registration Authority activities carried out via Electronic Channels.*	**ДЕЛ II** **ОДНОС НА КОНТРОЛОР СО ОБРАБОТУВАЧ** *Овој дел се однесува само на Партнери коишто имаат улога на Обработувач на лични податоци за Evrotrust во текот на нивните активности како Орган за регистрација за Evrotrust, со исклучок на активностите на Органот за регистрација извршени преку Електронски канали.*
6. Nature, scope, purposes and duration of the processing of Personal Data by the Partner as a Processor	**6. Природа, обем, цели и времетраење на обработката на лични податоци од страна на Партнерот како Обработувач**
6.1. The Partner has the role of a Processor for Evrotrust where Partner operates as a Registration Authority under Article 3, Para 2 of Clause “Registration Authority”, i.e. where the	**6.1.** Партнерот ја има улогата на обработувач за Evrotrust кога Партнерот работи како Орган за регистрација според член 3, став 2 од Клаузулата „Орган за регистрација“, т.е.

Partner identifies natural persons for the purposes of issuing of qualified certificates for qualified electronic signature (QCQES) with short-term validity, and the identified person applies for the short-term QCQES on site before the Partner’s Registration Agent, as per the relevant rules and conditions of Clause “Registration Authority”. In the course of these activities the Partner will process personal data on behalf and by assignment of Evrotrust solely for the purposes of carrying out these activities, in accordance with the requirements of the Agreement, the Policies and the requirements of applicable law.	Партнерот идентификува физички лица со цел издавање на квалификувани сертификати за квалификуван електронски потпис (QCQES) со краткорочна важност, а идентификуваното лице аплицира за краткорочниот QCQES на лице место пред Агентот за регистрација на Партнерот, според релевантните правила и услови од клаузулата „Орган за регистрација“. За време на овие активности, Партнерот ќе обработува лични податоци во име и со назначување од Evrotrust исклучиво за целите на извршување на овие активности, во согласност со барањата на Договорот, Политиките и барањата на важечкото законодавство.
6.2. The processing of personal data by the Partner as a processor on behalf of Evrotrust shall be carried out in strict compliance with the requirements set out by Evrotrust in this Clause regarding the manner, amount, scope and duration of processing and in accordance with all Applicable Rules.	**6.2.** Обработката на личните податоци од страна на Партнерот како обработувач во име на Evrotrust ќе се врши во строга согласност со барањата утврдени од Evrotrust во оваа Клаузула за начинот, износот, обемот и времетраењето на обработката и во согласност со сите важечки правила.
6.3. The processing of personal data by the Partner in its capacity as Processor of personal data on behalf of Evrotrust will be carried out for the territory of the European Union (“Processing Territory”), unless and only as expressly otherwise provided in this Clause. The Partner shall not be permitted to use any equipment for processing personal data as a processor located outside the designated Processing Territory, unless and only as expressly otherwise provided in this Clause.	**6.3.** Обработката на личните податоци од страна на Партнерот во неговото својство на Обработувач на лични податоци во име на Evrotrust ќе се врши на територијата на Европската Унија („Територија за обработка“), освен ако не е изречно предвидено поинаку со оваа Клаузула. На Партнерот нема да му биде дозволено да користи каква било опрема за обработка на лични податоци како обработувач лоциран надвор од назначената територија за обработка, освен ако не е изречно предвидено поинаку со оваа Клаузула.
6.4. When processing personal data by the Partner as a processor on behalf of Evrotrust, the Partner may not involve another processor	**6.4.** При обработка на лични податоци од страна на Партнерот како Обработувач во име на Evrotrust, Партнерот не смее да

without the prior express written permission of Evrotrust for each specific processor. The Partner undertakes to keep an up-to-date register of all sub-processors it has involved in processing under this text.	вклучува друг обработувач без претходна изричита писмена дозвола од Evrotrust за секој конкретен обработувач. Партнерот се обврзува да води ажуриран регистар на сите под-обработувачи коишто ги има вклучено во обработката според овој текст.
7. Personal Data Processing Activities of the Partner as a Data Processor	**7. Активности за обработка на лични податоци кога Партнерот е Обработувач на податоци**
7.1. For the purposes of Article 6.1, the Partner will carry out the following personal data processing activities:	**7.1.** За целите на Член 6.1, Партнерот ќе ги спроведува следните активности за обработка на лични податоци:
7.1.1. Activity 1: Acceptance and processing of applications from Users for the issuance and maintenance of electronic signature certificates under the trademark Evrotrust® on the territory of the European Union as a Registering Authority of Evrotrust and personal identification of Users for the purpose of issuing a Qualified Certificate for Qualified Electronic Signature (QCQES).	7.1.1. Активност 1: Прифаќање и обработка на апликации од Корисници за издавање и одржување на сертификати за електронски потпис под трговската марка Evrotrust® на територијата на Европската Унија како Орган за регистрација на Evrotrust и лична идентификација на Корисници заради издавање на квалификуван сертификат за квалификуван електронски потпис (QCQES).
(a) Categories of Data Subjects: Users who request to the Partner as a Registration Authority of Evrotrust the conclusion of a contract for the issuance and maintenance of qualified electronic signature certificates under the trademark Evrotrust®;	(a) Категории на Субјекти на податоци: Корисници кои бараат од Партнерот како Орган за регистрација за Evrotrust склучување на договор за издавање и одржување на сертификати за квалификуван електронски потпис под трговската марка Evrotrust.
(b) Types of personal data to be processed by the Partner: ➢ identification data: names, personal identification number, address, photo of the person in the identity document, identity document data (identity document number, date and authority of issue); ➢ contact details: mobile phone number and email address; ➢ a scanned image of an identity document;	(b) Видови лични податоци коишто треба да ги обработува Партнерот: ➢ податоци за идентификација: имиња, ЕМБГ, адреса, фотографија на лицето од документот за лична идентификација, податоци од личната исправа (број на документот, датум и орган на издавање); ➢ детали за контакт: мобилен телефонски број и е-пошта; ➢ скенирана слика од документот за лична

➢ other data included in the application for electronic signature as requested services. (c) Term: for the duration of the Agreement; (d) Nature of processing and its requirements: Performing all actions necessary for the acceptance and processing of applications for the issuance and maintenance of electronic signature certificates, including but not limited to: ➢ comparison of and confirmation of the correspondence between the physical characteristics of the User appearing in person with the data from the identity document (photo, other information about physical identity); ➢ confirmation/verification of the conformity of the data sent with the data on the identity document submitted by the User; ➢ entering and sending the User’s identification data, contact details and other data necessary for requesting and issuing an electronic signature to the Evrotrust System via the specialized API for connectivity with the Evrotrust System in accordance with the forms approved by Evrotrust and confirming the compliance of the entered data with the data from the identity document submitted by the User; All of the described activities are performed only by an authorized Agent of the Partner through the provided personal access account. 7.1.2. Activity 2: Assistance to the client to enable the use of the Evrotrust eID service (a) Categories of Data Subjects: Users who request the Evrotrust “eID” service (available only with the simultaneous using	идентификација; ➢ други податоци вклучени во пријавата за електронски потпис како барани услуги. (c) Рок: за времетраење на Договорот; (d) Природата на обработката и нејзините барања: Извршување на сите дејствија потребни за прифаќање и обработка на барањата за издавање и одржување на сертификати за електронски потпис, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: ➢ споредба и потврда на истоветност помеѓу физичките карактеристики на Корисникот којшто се појавува лично со податоците од документот за лична идентификација (фотографија и други информации за физичкиот идентитет); ➢ потврда/верификација на сообразност на испратените податоци со оние на документот за лична идентификација поднесен од Корисникот; ➢ внесување и испраќање на податоците за идентификација на Корисникот, детали за контакт и други податоци потребни за барање и издавање на електронски потпис до системот на Evrotrust преку специјализираниот *API* за поврзување со системот на Evrotrust во согласност со формуларите одобрени од Evrotrust и потврдување на сообразноста на внесените податоци со податоците од документот за лична идентификација доставен од Корисникот. Сите опишани активности се вршат само од овластен Агент на Партнерот преку даден налог за личен пристап. 7.1.2. Активност 2: Помош на Клиентот да се овозможи користење на Evrotrust eID услугата (a) Категории на Субјекти на податоци: Корисници коишто ја бараат услугата “eID” на Evrotrust (достапна само со

of the Evrotrust-branded QCQES) to the Partner as Evrotrust Registration Authority.	истовремено користење на Evrotrust брендиран *QCQES*) од Партнерот како Орган за регистрација на Evrotrust.
(b) Types of Personal Data to be processed:	(b) Видови на лични податоци коишто се обработуваат:
➢ identification data: name, personal identification number (if available), identity document data (identity document number, date and authority of issue, photograph, scanned image of the identity document);	➢ податоци за идентификација: имиња, ЕМБГ (доколку има), податоци од документот за лична идентификација, (број на документот, датум и орган на издавање, фотографија, скенирана слика од документот);
➢ contact details: mobile phone number and email address;	➢ детали за контакт: мобилен телефонски број и е-пошта;
(c) Term: for the duration of the Agreement.	(c) Рок: за времетраење на Договорот.
All of the described activities are performed only by an authorized Agent of the Partner through the provided personal access account.	Сите опишани активности ги вршат само овластени Агенти на Партнерот преку дадената налог за личен пристап.
7.2. In carrying out the Personal Data processing activities under this Article, the Partner:	**7.2.** Во извршувањето на активностите за обработка на личните податоци Според овој Член, Партнерот:
7.2.1. undertakes to implement appropriate technical and organizational measures in accordance with the requirements of the Regulation and the Applicable Rules and to ensure the protection of the rights of Data Subjects. For the avoidance of doubt, the Partner shall ensure that it implements, as a minimum, the technical and organizational data protection measures described in Annex II to this Clause.	7.2.1. се обврзува да спроведе соодветни технички и организациски мерки во согласност со барањата на Регулативата и важечките Правила и да обезбеди заштита на правата на Субјектите на податоците. За да се избегне сомнеж, Партнерот ќе обезбеди да спроведува, како минимум, технички и организациски мерки за заштита на податоците опишани во Анекс II од оваа Клаузула.
7.2.2. ensures that each of the Agents (staff) who have access to personal data has received introductory and regular training on the processing and protection of personal data, tailored to the specific processing activities and the specific risks associated with the processing of personal data. The Partner shall ensure that any person who has access to personal data has committed to confidentiality or is required by law to respect confidentiality.	7.2.2. осигурува дека секој од Агентите (вработените) кој има пристап до личните податоци добил воведна и редовна обука за обработка и заштита на лични податоци, прилагодена на специфичните активности за обработка и на специфичните ризици поврзани со обработката на личните податоци. Партнерот ќе осигура дека секое лице кое има пристап до личните податоци се обврзало на доверливост или законски се

	бара да ја почитува доверливоста.
7.2.3. is obliged to notify Evrotrust immediately in the event of:	7.2.3. е должен веднаш да го извести Evrotrust во случај:
(a) any investigative activities undertaken by a data protection supervisory authority in relation to personal data processing activities pursuant to this Article 7;	(a) на истражни активности преземени од надзорен орган за заштита на податоци во врска со активности за обработка на лични податоци согласно овој Член 7;
(b) that it finds that it is unable to perform its obligations under this Clause for any reason;	(b) да утврди дека од која било причина нема можност да ги изврши своите обврски од ова Клаузула;
(c) it becomes aware of any breach of security of personal data it processes on behalf of Evrotrust. Notification of a breach of security should be made to Evrotrust promptly, but no later than twenty-four (24) hours from the time of discovery, and should contain at a minimum the following information:	(c) да стане свесен за секое нарушување на безбедноста на личните податоци кои ги обработува за Evrotrust. Известувањето за нарушување на безбедноста треба да се достави до Evrotrust веднаш, но не подоцна од дваесет и четири (24) часа од моментот на откривање и треба да ги содржи најмалку следните информации:
➢ a description of the nature of the breach and of the facts relating to the personal data breach, including, if possible, the categories and approximate number of data subjects affected, the categories of data and the approximate quantity of personal data records affected; ➢ a description of the possible consequences of the personal data breach; ➢ a description of the measures taken or proposed by the Partner to address the personal data breach, including, as appropriate, measures to mitigate any adverse effects.	➢ опис на природата на нарушувањето и на фактите поврзани со повредата на личните податоци, вклучувајќи, доколку е можно, категории и приближен број на засегнати субјекти на податоци, категории на податоци и приближен обем на засегнати записи со лични податоци; ➢ опис на можните последици од повредата на личните податоци; ➢ опис на мерките преземени или предложени од Партнерот за решавање на повредата на личните податоци, вклучувајќи, по потреба, мерки за ублажување на какви било негативни ефекти.
In the event that it is objectively impossible to provide all the information necessary for the notification within the above-mentioned time limit, the Partner shall notify Evrotrust within this time limit by providing it with the information available at that time and, in agreement with Evrotrust, supplement the notification.	*Доколку е објективно невозможно да се дадат сите информации потребни за известувањето во наведениот временски рок, Партнерот ќе го извести Evrotrust во оваа временска рамка со обезбедување на информации достапни до тој момент и, во договор со Evrotrust, ќе го дополни известувањето.*
(d) to assist Evrotrust in every possible way in	(d) да му помогне на Evrotrust на секој можен

fulfilling Evrotrust’s obligations to document the personal data breach and in notifying the supervisory authority of the breach, by promptly providing Evrotrust with any information requested by the latter that is necessary to document the breach and to notify the supervisory authority;	начин во исполнувањето на обврските на Evrotrust да го документира нарушувањето на личните податоци и да го извести надзорниот орган за истото, со навремено обезбедување на Evrotrust со сите информации кои ги побарал органот, неопходни за документирање на нарушувањето и за известување на надзорниот орган.
(e) where a Data Subject makes a direct enquiry to the Partner in relation to the personal data processing activities carried out pursuant to this Article 7, unless the Partner, pursuant to further documented instructions from Evrotrust, has committed to respond directly to such enquiries;	(e) кога Субјектот на податоците упати директно барање до Партнерот во врска со активностите за обработка на личните податоци извршени во согласност со овој Член 7, освен ако Партнерот, согласно со понатамошни документирани инструкции од Evrotrust, не се обврзал директно да одговори на таквите барања;
(f) where the Partner establishes that there is a legal obligation to, or there is a request from a governmental, administrative, judicial and/or other authority to provide personal data that it processes on behalf of Evrotrust, except where such notification is contrary to mandatory provisions of law;	(f) кога Партнерот утврдил дека постои законска обврска или има барање од владина, административна, судска и/или друга власт да ги обезбеди личните податоци коишто ги обработува во име на Evrotrust, освен кога таквото известување е спротивно на задолжителните законски одредби;
7.2.4. to provide Evrotrust with access to all information necessary to demonstrate the Partner’s compliance with its obligations under this Clause relating to the processing activities on behalf of Evrotrust and to permit and assist audits, including inspections, by Evrotrust or any other auditor authorized by Evrotrust and to respond to any enquiries by Evrotrust regarding the processing activities under Article 7 of this Clause;	7.2.4. да му обезбеди на Evrotrust пристап до сите информации потребни за да ја прикаже усогласеноста на Партнерот со обврските според оваа Клаузула во врска со активностите за обработка во име на Evrotrust и да дозволи и да помогне при ревизии, вклучително и инспекции, од страна на Evrotrust или друг ревизор овластен од Evrotrust и да одговори на сите прашања од страна на Evrotrust во врска со активностите за обработка според Член 7 од оваа Клаузула;
7.2.5. to assist Evrotrust, in any way possible, including but not limited to, complying with Evrotrust’s specific instructions and providing it with requested information, in	7.2.5. да му помогне на Evrotrust на кој било можен начин, вклучително, но не ограничувајќи се на, придржување кон конкретните упатства на Evrotrust и

fulfilling its obligation to respond to requests to exercise the Data Subjects' rights under Chapter III of the Regulation;	обезбедување на бараните информации, при исполнувањето на својата обврска да одговори на барањата за остварување на правата на Субјектите на податоците според Поглавје III од Регулативата;
7.2.6. not to transfer personal data it processes pursuant to this Article 7 to a third country or an international organization, except where it is obliged to do so under Union or Member State law applicable to the Partner, in which case the Partner shall inform Evrotrust of this legal requirement prior to the transfer, unless that law prohibits such information on important public interest grounds;	7.2.6. да не ги пренесува личните податоци што ги обработува согласно со овој Член 7 на трета земја или меѓународна организација, освен кога на тоа е обврзан со законот на Унијата или земјата-членка којшто е применлив за Партнерот, во кој случај Партнерот ќе го информира Evrotrust за ова законско барање пред трансферот, освен ако тој закон не забранува такви информации врз основа на важен јавен интерес;
7.2.7. not to process personal data on behalf of Evrotrust outside the territory of the European Union (“Processing Territory”), unless Data Subject has physically appeared before Partner's Agents outside of the Processing Territory. In those cases, processing shall be carried out as per the requirements of Section III of this Clause.	7.2.7. да не обработува лични податоци во име на Evrotrust надвор од територијата на Европската унија („Територија на обработка“), освен ако Субјектот на податоците физички се појавил пред Агентите на партнерот надвор од Територијата на обработка. Во тие случаи, обработката ќе се изврши според барањата од Дел III на оваа Клаузула.
7.2.8. to assist Evrotrust in fulfilling its obligation to notify the Data Subject of a personal data breach under Article 34 of the Regulation, in any way possible, including, but not limited to, by complying with Evrotrust's specific instructions and providing the requested information;	7.2.8. да му помогне на Evrotrust во исполнување на својата обврска да го извести Субјектот на податоците за повредата на личните податоци според Член 34 од Регулативата, на кој било можен начин, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, придржување кон конкретните упатства на Evrotrust и давање на бараните информации;
7.2.9. if and insofar as applicable, assist Evrotrust in fulfilling its obligation to carry out a data protection impact assessment under Article 35 of the Regulation, if necessary, in any way possible, including, but not limited to, by providing it with the requested information;	7.2.9. доколку е применливо, да му помогне на Evrotrust во исполнување на обврската да изврши проценка на влијанието врз заштитата на податоците според Член 35 од Регулативата, доколку е потребно, на кој било можен начин, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, со доставување на

	бараните информации;
7.2.10. if and to the extent applicable, assist Evrotrust in fulfilling its obligation to carry out prior consultation with the supervisory authority under Article 36 of the Regulation, in any way possible, including but not limited to, by providing it with the requested information;	7.2.10. ако е и до степен до кој е применливо, да му помогне на Evrotrust во исполнување на својата обврска да изврши претходна консултација со надзорниот орган според Член 36 од Регулативата, на кој било можен начин, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, со доставување на бараните информации;
7.2.11. maintain a written record of all categories of processing activities carried out on behalf of Evrotrust, at least with the content required by the Regulation;	7.2.11. води писмена евиденција на сите категории на активности за обработка што се вршат во име на Evrotrust, барем со содржината што ја бара Регулативата.
7.2.12. to compensate for any damages that a person may suffer as a result of processing of personal data carried out by the Partner, which processing violates the Regulation or other Applicable Data Protection Rules, unless the Partner proves that it is in no way responsible for the damages and/or has carried out the processing in accordance with Evrotrust’s instructions;	7.2.12. да ја надомести секоја штета што може да ја претрпи едно лице како резултат на обработката на личните податоци од страна на Партнерот, ако обработката ја прекршува Регулативата или другите важечки правила за заштита на податоците, освен ако Партнерот докаже дека ни на кој начин не е одговорен за штетите и/или ја извршил обработката согласно упатствата на Evrotrust;
7.2.13. In the event of termination of the Agreement or of the processing activities under this Article 7 by the Partner, at the option of Evrotrust, to return to Evrotrust all Personal Data it has collected and processed on Evrotrust’s behalf or to delete all existing copies of such data, unless there is a proper basis for the Partner to continue processing and Union law requires its retention. The Partner shall confirm in writing to Evrotrust that the personal data has been returned, deleted and/or stored.	7.2.13. Во случај на раскинување на Договорот или активностите за обработка според овој Член 7 од страна на Партнерот, по избор на Evrotrust, да му ги врати на Evrotrust сите лични податоци коишто ги собрал и обработил во името на Evrotrust или да ги избрише сите постоечки копии од тие податоци, освен ако постои соодветна основа за Партнерот да продолжи со обработката и Правото на Унијата бара нивно задржување. Партнерот писмено ќе му потврди на Evrotrust дека личните податоци се вратени, избришани и/или зачувани.
7.2.14. In the event that, following the cessation of specific personal data processing activities under this Article 7, the Partner needs to continue to store personal data that it has	7.2.14. Во случај, по прекинот на специфичните активности за обработка на лични податоци според овој Член 7, Партнерот треба да продолжи да ги чува личните

collected and processed on behalf of Evrotrust, the Partner undertakes to notify Evrotrust of the legal basis for the storage and agrees and warrants that it will store it in compliance with the Regulation and other Applicable Data Protection Rules.	податоци што ги собрал и обработил во име на Evrotrust, Партнерот се обврзува да го извести Evrotrust за правната основа за чувањето и се согласува и гарантира дека ќе ги чува во согласност со Регулативата и другите важечки Правила за заштита на податоците.
8. Outsourcing of Personal Data Processing Activities	**8. Надворешен соработник за активностите за обработка на лични податоци**
8.1. Either Party may delegate the processing of Personal Data pursuant to this Clause to processors or sub-processors (where applicable) of the Personal Data in accordance with the Applicable Data Protection Rules. Where a processor or sub-processor for Personal Data subject to this Clause is appointed by Partner under the conditions of item 9.1 (b) of this Clause, the agreement with the third party shall be governed by the relevant texts of the SCC, as completed in accordance with this Clause.	**8.1.** Секоја Страна може да ја делегира обработката на личните податоци согласно со оваа Клаузула на обработувачи или под-обработувачи (каде што е применливо) на лични податоци во согласност со важечките правила за заштита на податоците. Кога обработувач или под-обработувач на лични податоци кои се предмет на оваа Клаузула е назначен од Партнерот според условите од точка 9.1 (b) од оваа Клаузула, договорот со третата страна ќе биде регулиран со соодветните текстови на *SCC*, како што е комплетирано согласно со оваа клаузула.
8.2. Each Party shall maintain a register of all processors or sub-processors that it has engaged for the purpose of carrying out Personal Data processing activities in accordance with this Clause. The register shall contain the full name and contact details of the processor, the Data Protection Officer (if any) or, if none, other relevant contact person, and the categories of processing activities carried out by the processor or sub-processors concerned.	**8.2.** Секоја Страна ќе води регистар на сите обработувачи или под-обработувачи кои ги ангажирала за извршување на активности за обработка на лични податоци во согласност со оваа Клаузула. Регистарот го содржи целосното име и деталите за контакт на обработувачот, Службеникот за заштита на податоци (ако има) или, доколку нема, друго релевантно лице за контакт и категориите на активности за обработка што ги спроведува засегнатиот обработувач или под-обработувач.
SECTION III **PARTNERS LOCATED AND/OR PROCESSING DATA OUTSIDE THE EU/EEA**	**ДЕЛ III** **ПАРТНЕРИ ЛОЦИРАНИ И/ИЛИ ОБРАБОТУВААТ ПОДАТОЦИ НАДВОР ОД ЕУ/ЕЕЗ**
This Section only applies to Partners established and/or having their main place of commercial activities and/or processing Personal Data subject to	*Овој дел се однесува само на партнери кои се основани и/или кои имаат главно место на комерцијални активности и/или обработуваат*

this Clause in a country outside of the European Union and the European Economic Area.	*лични податоци кои се предмет на оваа Клаузула во земја надвор од Европската унија и Европската Економска Зона.*
9. Partners acting as Processors	**9. Партнери кои дејствуваат како Обработувачи**
9.1. Where Partner processes personal data as a Processor for Evrotrust according to Article 7 of this Clause outside of the EU/EEA, and only as regards these activities, the provision by Partner of data gathered outside of the EU/EEA directly to Evrotrust for further processing within the EU/EEA does not constitute transfer of personal data to a third country or an international organization within the meaning of the Regulation. In those cases, Partner:	**9.1.** Таму каде што Партнерот обработува лични податоци како Обработувач за Evrotrust согласно со Член 7 од оваа Клаузула надвор од ЕУ/ЕЕЗ, и само во однос на овие активности, давањето на податоци собрани надвор од ЕУ/ЕЕЗ од страна на Партнерот директно на Evrotrust за понатамошна обработка во рамките на ЕУ/ЕЕЗ не претставува пренос на лични податоци на трета земја или меѓународна организација во смисла на Регулативата. Во тие случаи, Партнерот:
(a) Shall be permitted to use equipment located outside of the EU/EEA for processing personal data as a Processor for Evrotrust only to the extent necessary for the purpose of collecting data of Data Subjects appearing before Partner outside of the EU/EEA and providing those data to Evrotrust;	(a) Ќе му биде дозволено да користи опрема лоцирана надвор од ЕУ/ЕЕЗ за обработка на лични податоци како обработувач за Evrotrust само до степен што е неопходен за целите на собирањето податоци за Субјектите на податоците кои се појавуваат пред Партнер надвор од ЕУ/ЕЕЗ и му ги обезбедуваат тие податоци на Evrotrust;
(b) Shall not use any sub-processor for data processed under Article 7 of this Clause, unless with Evrotrust’s explicit prior consent expressed in writing and in the presence of a respective data protection agreement concluded with the sub-processor, as provided in this Clause.	(b) Нема да користи под-обработувач за податоци обработени според Член 7 од оваа Клаузула, освен со изричита претходна согласност на Evrotrust во писмена форма и во присуство на соодветен договор за заштита на податоци склучен со под-обработувачот, како што е предвидено во оваа Клаузула.
9.2. If, nevertheless, and only to the extent it may be considered that in the cases of item 9.1 above there is a transfer of personal data to a third country or an international organization within the meaning of the Regulation, then to the same extent the SCC Module Two shall apply to Personal Data that is protected by the Regulation and processed outside the EEA,	**9.2.** Доколку сепак, и само до степен што може да се смета дека во случаите од точка 9.1 погоре има пренос на лични податоци кон трета земја или меѓународна организација во смисла на Регулативата, тогаш до ист степен Модул Два од *SCC* ќе се применува на личните податоци кои се заштитени со Регулативата и обработени надвор од ЕЕЗ,

completed as follows: (a) in Clause 7, the optional docking clause will apply; (b) in Clause 9, Option 2 will apply, and the time period for prior notice of Sub-Processor changes shall be thirty (30) days; (c) in Clause 11, the optional language will not apply; (d) in Clause 17, Option 1 will apply, and the SCCs will be governed by Bulgarian law; (e) in Clause 18(b), disputes shall be resolved before the courts of Bulgaria; (f) Evrotrust shall be the data exporter outside of the territory of the EU/EEA, and Partner shall be the relevant data importer; (g) Annex I of the SCC shall be deemed completed with the relevant information set out in Annex I.A to this Clause; and (h) Annex II of the SCC shall be deemed completed with the information set out in Annex II to this Clause.	пополнет на следниов начин: (a) во Клаузула 7, опционалната клаузула за спојување ќе се примени; (b) во Клаузула 9, ќе се применува Опција 2, а временскиот период за претходно известување за промените на под-обработувачот ќе биде триесет (30) дена; (c) во Клаузула 11, опционалниот јазик нема да се применува; (d) во Клаузула 17, ќе се примени Опција 1, а *SCC* се регулираат со бугарскиот закон; (e) во Клаузула 18(b), споровите ќе се решаваат пред судовите на Бугарија; (f) Evrotrust ќе биде извозник на податоците надвор од територијата на ЕУ/ЕЕЗ, а Партнерот ќе биде релевантен увозник на податоците; (g) Анекс I од *SCC* ќе се смета за завршен со релевантните информации наведени во Анекс I.A од оваа Клаузула; и (h) Анекс II од *SCC* ќе се смета за завршен со релевантните информации наведени во Анекс II од оваа Клаузула.
10. Partners acting as Controllers Where Partner is located and/or processes personal data received by Evrotrust outside of the EU/EEA, and only as regards Partner’s activities as an independent Controller of Personal Data under this Clause, the SCC shall apply to Personal Data that are protected by the Regulation and processed outside the EEA, completed as follows: (a) Module One will apply; (b) in Clause 7, the optional docking clause will apply; (c) in Clause 11, the optional language will not apply; (d) in Clause 17, Option 1 will apply, and the SCCs will be governed by Bulgarian law; (e) in Clause 18(b), disputes shall be resolved before the courts of Bulgaria;	**10. Партнери кои дејствуваат како Контролори** Кога Партнерот е лоциран и/или обработува лични податоци добиени од Evrotrust надвор од ЕУ/ЕЕЗ, и само во однос на активностите на Партнерот како независен контролор на лични податоци според оваа Клаузула, *SCC* ќе се применува на лични податоци кои се заштитени со Регулативата и обработени надвор од ЕЕЗ, завршени на следниот начин: (a) Модул Еден ќе се примени; (b) во Клаузула 7, опционалната клаузула за спојување ќе се примени; (c) во Клаузула 11, опционалниот јазик нема да се применува; (d) во Клаузула 17, ќе се примени Опција 1, а *SCC* се регулираат со бугарскиот закон; (e) во Клаузула 18(b), споровите ќе се решаваат пред судовите на Бугарија;

(f) Evrotrust shall be the data exporter outside of the territory of the EU/EEA, and Partner shall be the relevant data importer;	(f) Evrotrust ќе биде извозник на податоците надвор од територијата на ЕУ/ЕЕЗ, а Партнерот ќе биде релевантен увозник на податоците;
(g) Annex I of the SCC shall be deemed completed with the relevant information set out in Annex I.B to this Clause; and	(g) Анекс I од *SCC* ќе се смета за завршен со релевантните информации наведени во Анекс I.B од оваа Клаузула; и
(h) Annex II of the SCC shall be deemed completed with the information set out in Annex II to this Clause.	(h) Анекс II од *SCC* ќе се смета за завршен со релевантните информации наведени во Анекс II од оваа Клаузула.
11. The Parties do not aim to contradict or restrict any of the provisions of the SCC. If and to the extent the SCC conflict with any provision of the Agreement (including this Clause) the SCC shall prevail to the extent of such conflict.	**11.** Страните немаат за цел да противречат или ограничат некоја од одредбите на *SCC*. Ако, и до степен кога, *SCC* е во спротивност со која било одредба од Договорот (вклучувајќи ја оваа Клаузула), *SCC* ќе преовладува до степенот на таквиот конфликт.
12. If, in the course of the relationship between the Parties, a situation concerning personal data processing arises which is not expressly provided for in this Clause, the rules of this Clause shall apply accordingly to the extent possible without contradicting the Regulation and Applicable Data Protection Rules, until the situation is expressly arranged with an additional agreement between the Parties, if this is necessary.	**12.** Доколку во текот на односите помеѓу Страните настане ситуација во врска со обработката на личните податоци којашто не е изрично предвидена со оваа Клаузула, правилата од оваа Клаузула соодветно ќе се применуваат до степен колку што е можно, без да се во спротивност со Регулативата и важечките правила за заштита на податоци, додека ситуацијата не биде изрично уредена со дополнителен договор помеѓу Страните, ако тоа е неопходно.
13. This document is published in Bulgarian, English or another language. In case of discrepancy between the Bulgarian and English texts, the Bulgarian version of the text shall take precedence. In case of inconsistency between the English and other language versions of the text, the meaning of the English text shall prevail.	**13.** Овој документ е објавен на бугарски, англиски или на друг јазик. Во случај на не совпаѓање помеѓу бугарскиот и англискиот текст, приоритет ќе има бугарската верзија на текстот. Во случај на недоследност помеѓу англиската и другите јазични верзии на текстот, ќе преовладува значењето на англискиот текст.

ANNEX I	АНЕКС I
APPLICATION OF SCC UNDER SECTION III OF THIS CLAUSE	**ПРИМЕНА НА *SCC* СПОРЕД ДЕЛ III ОД ОВАА КЛАУЗУЛА**
A. Transfer Controller to Processor	**A. Трансфер од Контролор на Обработувач**
LIST OF PARTIES	**ЛИСТА НА СТРАНИ**
Data exporter(s): Evrotrust Technologies AD, relevant information provided for the in General Terms and Special Terms of the Agreement.	**Извозник на податоци:** Evrotrust Technologies AD, соодветни информации се дадени во Општите и Посебните одредби од овој Договор.
Role: Controller	**Улога:** Контролор
Data importer(s): The entity defined as Partner within the relevant Special Terms of the Agreement.	**Увозник на податоци:** Субјектот дефиниран како Партнер во соодветните Посебни одредби на Договорот.
Role: Processor	**Улога:** Обработувач
DESCRIPTION OF TRANSFER	**ОПИС НА ТРАНСФЕРОТ**
Categories of data subjects whose personal data is transferred.	*Категории на субјекти на податоци чиишто лични податоци се пренесуваат*
a. Data Subjects under item 7.1.1 (a) of this Clause. b. Data Subjects under item 7.1.2 (a) of this Clause.	a. Субјекти на податоци според Ставка 7.1.1 (a) од оваа Клаузула. b. Субјекти на податоци според Ставка 7.1.2 (a) од оваа Клаузула.
Categories of personal data transferred.	*Категории на пренесени лични податоци*.
a. Data under item 7.1.1 (b) of this Clause. b. Data under item 7.1.2 (b) of this Clause.	a. Податоци според точка 7.1.1 (b) од оваа Клаузула. b. Податоци според точка 7.1.1 (b) од оваа Клаузула.
Sensitive data transferred (if applicable) and applied restrictions or safeguards that fully take into consideration the nature of the data and the risks involved, such as for instance strict purpose limitation, access restrictions (including access only for staff having followed specialised training), keeping a record of access to the data, restrictions for onward transfers or additional security measures.	*Пренесени чувствителни податоци (ако е применливо) и применети ограничувања или заштитни мерки кои целосно ја земаат предвид природата на податоците и вклучените ризици, како што се на пример строги ограничување со цел, ограничувања за пристап (вклучувајќи пристап само за персонал кој имал специјализирана обука), водење евиденција за пристап до податоците, ограничувања за понатамошни трансфери или дополнителни безбедносни мерки.*
None anticipated.	Не е предвидено.
The frequency of the transfer (e.g. whether the data is transferred on a one-off or continuous basis).	*Зачестеност на пренос (пр. дали податоците се пренесуваат еднократно или континуирано).*

Continuous for the term of the Agreement. *Nature of the processing* a. The activities described in item 7.1.1 (d) of this Clause. b. Activities necessary to assist the Data Subject with the activation of the eID service. *Purpose(s) of the data transfer and further processing* The purposes described in item 6.1 of this Clause. *The period for which the personal data will be retained, or, if that is not possible, the criteria used to determine that period.* For the duration of the Agreement. *For transfers to (sub-) processors, also specify subject matter, nature and duration of the processing*. Data importer may engage other companies to provide parts of the service on data importer’s behalf only after express written consent of data exporter. **COMPETENT SUPERVISORY AUTHORITY** Bulgarian Commission for Personal Data Protection	Континуирано за времетраењето на Договорот. *Природа на обработката* a. Активностите опишани во точка 7.1.1 (d) на оваа Клаузула. b. Активности неопходни за да му се помогне на Субјектот на податоците при активирањето на услугата eID. *Цел(и) на пренос на податоци и понатамошна обработка* Целите се опишани во точка 6.1 од оваа Клаузула. *Периодот за кој личните податоци ќе се чуваат, или, ако тоа не е можно, критериумите употребени за определување на тој период* За времетраење на Договорот. *За трансфери кон (под-) обработувачи, исто така се наведува предметот, природата и траењето на обработката* Увозникот на податоци може да ангажира други компании да обезбедат делови од услугата во име на увозникот, само по изрична писмена согласност од извозникот на податоците. **НАДЛЕЖЕН НАДЗОРЕН ОРГАН** Бугарска комисија за заштита на лични податоци.
B. Transfer Controller to Controller **LIST OF PARTIES** **Data exporter(s):** Evrotrust Technologies AD, relevant information provided for the in General Terms and Special Terms of the Agreement. **Role:** Controller **Data importer(s):** The entity defined as Partner within the relevant Special Terms of the Agreement. **Role:** Controller **DESCRIPTION OF TRANSFER** *Categories of data subjects whose personal data is transferred*. a. Data Subjects provided in items 3.1.1 and 3.2.1 of this Clause; b. Data Subjects provided in item 4.1 of this	**В. Пренос Контролор на Контролор** **ЛИСТА НА СТРАНИ** **Извозници на податоци:** Evrotrust Technologies AD, соодветни информации се дадени во Општите и Посебните одредби од овој Договор. **Улога:** Контролор **Увозници на податоци:** Субјектот дефиниран како Партнер во соодветните Посебни одредби на Договорот. **Улога:** Контролор **ОПИС НА ПРЕНОСОТ** *Категории на субјекти на податоци чии лични податоци се пренесуваат*. a. Субјекти на податоци дадени во точките 3.1.1 и 3.2.1 од оваа Клаузула; b. Субјекти на податоци дадени во точка 4.1

Clause; c. Data Subjects provided in items 4.2.1 of this Clause. *Categories of personal data transferred*. a. Categories of personal data provided in items 3.1.1 and 3.2.1 of this Clause. b. Categories of personal data provided in the Privacy policy applicable to the trust, information, cryptographic and other services provided by Evrotrust Technologies AD, as may be amended from time to time, the current version published on Evrotrust's WEB site. c. Categories of personal data provided in items 4.2.2 of this Clause. *Sensitive data transferred (if applicable) and applied restrictions or safeguards that fully take into consideration the nature of the data and the risks involved, such as for instance strict purpose limitation, access restrictions (including access only for staff having followed specialised training), keeping a record of access to the data, restrictions for onward transfers or additional security measures.* None anticipated. *The frequency of the transfer (e.g. whether the data is transferred on a one-off or continuous basis).* Continuous for the terms set forth in this Clause. *Nature of the processing* Storage, combination, provision to pre-defined parties in the presence of relevant legal grounds. *Purpose(s) of the data transfer and further processing* a. The purposes defined in items 3.1.2 (a) and 3.2.2 (a) of this Clause. b. The purposes defined in the Privacy policy	од оваа Клаузула; c. Субјекти на податоци дадени во точка 4.2.1 од оваа Клаузула; *Категории на пренесени лични податоци.* a. Категории на лични податоци дадени во ставките 3.1.1 и 3.2.1 од оваа Клаузула. b. Категории на лични податоци дадени во Политиката за приватност применливи на доверливите, информатичките, криптографските и другите услуги обезбедени од Evrotrust Technologies AD, која повремено може да се менува, а тековната верзија е објавена на WEB страницата на Evrotrust. c. Категории на лични податоци наведени во точка 4.2.2 од оваа Клаузула. *Пренесени чувствителни податоци (ако е применливо) и применети ограничувања или заштитни мерки кои целосно ја земаат предвид природата на податоците и вклучените ризици, како што се на пример строги ограничување со цел, ограничувања за пристап (вклучувајќи пристап само за персонал кој имал специјализирана обука), водење евиденција за пристап до податоците, ограничувања за понатамошни трансфери или дополнителни безбедносни мерки.* Не е предвидено. *Зачестеност на пренос (пр. дали податоците се пренесуваат еднократно или континуирано).* Континуирано за одредбите наведени во оваа Клаузула. *Природа на обработката* Чување, комбинирање, обезбедување на однапред дефинирани страни во присуство на релевантни законски основи. *Цел(и) на пренос на податоци и понатамошна обработка* a. Цели дефинирани во точките 3.1.2 (а) и 3.2.2 (а) од оваа Клаузула. b. Целите дефинирани во Политиката за

applicable to the trust, information, cryptographic and other services provided by Evrotrust Technologies AD, as may be amended from time to time, the current version published on Evrotrust's WEB site.	приватност применлива на доверливите, информатичките, криптографските и другите услуги обезбедени од Evrotrust Technologies AD, која повремено може да се менува, а тековната верзија е објавена на WEB страницата на Evrotrust.
c. The purposes defined in item 4.2.2 of this Clause.	c. Цели дефинирани во точка 4.2.2 од оваа Клаузула.
The period for which the personal data will be retained, or, if that is not possible, the criteria used to determine that period.	*Периодот за кој личните податоци ќе се чуваат, или, ако тоа не е можно, критериумите употребени за определување на тој период*
a. The terms provided for in item 3.1.2 (b) and 3.2.2 (b) of this Clause.	a. Роковите наведени во точките 3.1.2 (b) и 3.2.2 (b) од оваа Клаузула.
b. The terms defined in the Privacy policy applicable to the trust, information, cryptographic and other services provided by Evrotrust Technologies AD, as may be amended from time to time, the current version published on Evrotrust's WEB site.	b. Роковите дефинирани во Политиката за приватност применлива на доверливите, информатичките, криптографските и другите услуги обезбедени од Evrotrust Technologies AD, која повремено може да се менува, а тековната верзија е објавена на WEB страницата на Evrotrust.
c. The terms defined in item 4.2.2 of this Clause.	c. Роковите се дефинирани во точка 4.2.2 од оваа Клаузула.
For transfers to (sub-) processors, also specify subject matter, nature and duration of the processing.	*За трансфери кон (под-) обработувачи, исто така се наведува предметот, природата и траењето на обработката*
Data importer may engage other companies to provide parts of the service on data importer's behalf only after express written consent of data exporter.	Увозникот на податоци може да ангажира други компании да обезбедат делови од услугата во име на увозникот, само по изрична писмена согласност од извозникот на податоците.
COMPETENT SUPERVISORY AUTHORITY	**НАДЛЕЖЕН НАДЗОРЕН ОРГАН**
Bulgarian Commission for Personal Data Protection	Бугарска комисија за заштита на лични податоци.

ANNEX II

MINIMUM TECHNICAL AND ORGANIZATIONAL MEASURES

The Parties implement and apply appropriate technical and organizational measures to protect Personal Data. The measures the Parties introduce and apply relate to the following types of data protection: physical, personal, documentary, protection of automated information systems and/or networks, and cryptographic protection.

Type of protection	Category of measures	Type of measures	Entered (Y/N)	Comments
Physical protection	Technical measures	Locking the premises	YES	
		Designation of document storage cabinets	N.A. Personal data is not kept on paper	
		Fire extinguishing means/systems	YES	
		Equipment of the premises where personal data are processed	N.A. Personal data is not kept on paper	
		Premises security/security systems	YES	
	Organizational measures	Identification of the premises where personal data will be processed	YES	
		Determination of the premises in which the elements of the communication and information systems for the processing of personal data will be located	YES	
		Defining the physical access organization	YES	
		Determination of the technical means of physical protection used	YES	
		Designation of controlled access areas	YES	
		Designation of areas with different levels of access	YES	
Personal protection	Organizational measures	Knowledge of data protection legislation	YES	
		Knowledge of the risks to personal data processed by the controller	YES	
		Consent to undertake not to disclose personal data	YES	
		Failure to share critical information among staff	YES	

		Knowledge of data protection policies and guidelines	YES	
		Staff training to respond to data security events	YES	
Document checksum (hash)	Organizational measures	Determination of the records to be kept on paper	N.A. Personal data is not kept on paper	
		Determining the conditions for processing personal data		
		Regulation of access to registers		
		Determination of storage periods		
		Destruction procedures		
		Control of access to registers		
		Rules for propagation and distribution		
		Procedures for verification and control of processing		
Protection of automated information systems and/or networks	Technical measures	Identification and authentication	YES	
		Records management	YES	
		External links/connection	YES	
		Protection against viruses	YES	
		Copies/back-ups for recovery	YES	
		Information carriers	YES	
		Cryptographic protection	YES	
		Pseudonymization of data	YES	
		Telecommunications and remote access	YES	
		Maintenance/operation	YES	
		Session access control	YES	
	Organizational measures	Personal systems protection	YES	

		Determination of storage periods for personal data	YES	
		Media destruction/deletion/erasure procedures	YES	
		Physical environment / surroundings	YES	
		Data protection policies, security guides and standard operating procedures	YES	
		Contingency planning	YES	
		Staff training to respond to data security events	YES	
Cryptographic protection	Cryptographic protection	Access over secure connection channels, https access and IP-VPN/SSL	YES Part of the Evrotrust infrastructure	
		Cryptographic protection in the transmission of information.	YES Part of the Evrotrust infrastructure	

АНЕКС II

МИНИМУМ ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ

Страните спроведуваат и применуваат соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци. Мерките коишто Страните ги воведуваат и применуваат се однесуваат на следниве видови заштита на податоците: физичка, лична, документарна, заштита на автоматизирани информатички системи и/или мрежи и криптографска заштита.

Вид на заштита	Категорија на мерки	Вид на мерки	Внесено (Д/Н)	Коментари
Физичка заштита	Технички мерки	Заклучување на просториите	ДА	
		Одредување ормани за чување документи	Неприменливо Личните податоци не се чуваат на хартија	
		Противпожарни средства / системи	ДА	
		Опрема во просториите каде што се обработуваат личните податоци	Неприменливо Личните податоци не се чуваат на хартија	
		Безбедност на просториите / безбедносни системи	ДА	
	Организациски мерки	Идентификација на простории каде што личните податоци ќе бидат обработувани	ДА	
		Определување на просториите во кои елементите на комуникациско-информатичките системи за обработка на личните податоци ќе бидат лоцирани	ДА	
		Дефинирање на организацијата за физички пристап	ДА	
		Определување на користени технички средства за физичка заштита	ДА	
		Одредување на зони со контролиран пристап	ДА	
		Одредување на зони со различни нивоа на пристап	ДА	
Лична заштита	Организациски мерки	Познавање на законодавството за заштита на податоците	ДА	
		Познавање за ризиците за личните податоци обработени од контролорот	ДА	

		Согласност за прифаќање на неоткривање на лични податоци	ДА	
		Неуспешно споделување на критични информации помеѓу вработените	ДА	
		Познавање на политиките и упатствата за заштита на податоците	ДА	
		Обука на персоналот да одговорат на настани за безбедност на податоците	ДА	
Проверка на документ со “*hash*“	Организациски мерки	Одредување евиденцијата да се води на хартија	<u>Неприменливо</u> Личните податоци не се чуваат на хартија	
		Утврдување на услови за обработка на лични податоци		
		Регулатива за пристап до регистри		
		Одредување на периоди на складирање		
		Процедури за уништување		
		Контрола на пристап до регистри		
		Правила за размножување и дистрибуција		
		Процедури за верификација и контрола на обработка		
Заштита на автоматските информатички системи и/или мрежи	Технички мерки	Идентификација и автентикација	ДА	
		Управување со записи	ДА	
		Надворешни линкови / поврзувања	ДА	
		Заштита од вируси	ДА	
		Копии / резервни копии за обновување	ДА	
		Носители на информации	ДА	
		Криптографска заштита	ДА	
		Псевдонимизација на податоците	ДА	
		Телекомуникации и далечински пристап	ДА	
		Одржување / работење	ДА	
		Контрола на пристап до сесија	ДА	
	Организациски мерки	Заштита на личните системи	ДА	

		Одредување на периоди на складирање на лични податоци	ДА	
		Уништување на медиум / бришење / Процедури за бришење	ДА	
		Физичка околина / опкружување	ДА	
		Политики за заштита на податоци, безбедносни упатства и стандардни оперативни процедури	ДА	
		Планирање за вонредни ситуации	ДА	
		Обука на вработените да одговорат на настани за безбедност на податоците	ДА	
Криптографска заштита	Криптографска заштита	Пристап преку безбедни канали за поврзување, *https* пристап и IP-VPN/SSL	ДА Дел од инфраструктура на Evrotrust	
		Криптографска заштита при пренос на информации	ДА Дел од инфраструктура на Evrotrust	